ената историја на југословенските народи и народноси; и

— дека без оглед на блиската историска дистанца за подобрувањето и изучувањето на повоената историја во наставните програми, потребно е таа да се ослободи од разните поединечни притисоци, како и тесните догматски толкувања на настаните од последните четириесет години. Така до аспект на положбата и ограничената застапеност на наставата за повоениот период во процесот на образованието во училиштата од средното образование и факултетите е едногласно подвлечена констатацијата дека кај младата генерација ученици и студенти не може да се развие историското мислење и свест.

На крајот на симпозиумот претседателот на постојаната Комисија за наставата по историја при Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија д-р Хрвоје Матковиќ, оценувајќи ја работата на симпозиумот како мошне садржајна и успешна, уште еднаш ја истакна потребата од продолжувањето на традицијата на одржување вакви симпозиуми. Нивното значење, рече тој, се состои во тоа што наставниците по историја имаат можност да разменуваат мислења, да се договараат, да ги анализираат и сумираат проблемите со кои се соочува наставата по историја во Југославија, со единствената цел за зацврстувањето на братството и единството на нашата општојугословенска многунационална заедница.

Со напомената дека изнесените реферати од овој собир ќе бидат објавени во списанието „Настава по Историја“ бр. 1 за 1985 година д-р Хрвоје Матковиќ им се заблагодари на организаторот на овој симпозиум, Сојузот на друштвата на историчарите на СР Македонија, Републичкиот завод за унапредувањето на образованието и воспитанието, и управата на хотелот „Радика“ за високото стручно и беспрекорно организирање на симпозиумот и при тоа ги покани присутните да земаат учество и на идниот дванаесетти по ред симпозиум кој ќе се одржи кон крајот на месец август 1986 година во СР Хрватска на тема: ПРОБЛЕМИ УНОШЕЊА НОВИХ РЕЗУЛТАТА ПО ХИСТОРИЈЕ или ПРОБЛЕМИ УНОШЕЊА НОВИХ РЕЗУЛТАТА ИСТОРИОГРАФА У НАСТАВА ПО ХИСТОРИЈЕ.

Овој значајан собир заврши со работа во текот на третиот ден со организирање стручна екскурзија по долината на реката Радика и посета на манастирот Свети Јован Бигорски.

Димитар ДИМУЛКОВ

## ИНТЕРКАТЕДАРСКА КОНФЕРЕНЦИЈА, Сараево, 8—9. XI. 1985 год.

На 8 и 9 ноември 1985 година се одржа конференција на наставно-научните студиски групи или отсеци по историја на Филозофските факултети во земјата. На конференцијата беа присутни претставниците на скоро сите групи односно отсеци. На дневен ред

беа следните прашања: — Прашањата на интеркатедарската соработка и специфичните методи на работата во наставата и проучувањето на современата историја со посебен осврт на периодизацијата. Освен тоа, според установената практика и традиција, во програмата на работата на овие конференции, редовно се вклучуваат и студентски реферати на однапред договорената тема. Овој пат, студентите ги презентираа своите трудови на тема: Анексионата криза.

Конференцијата ја отвори претставникот на домаќините проф. д-р Марко Шуњиќ, а ја поздрави и деканот на Филозофскиот факултет во Сараево д-р Раде Петровиќ. Обајцата ретроспективно се осврнаа на досега одржаните конференции, укажувајќи дека наспроти презентираните проблеми било преку реферати или сличните истапувања, во кои беа пројавени стремежи, напори, сугестии за усогласувања на наставните планови на студиските групи (отсеци), сепак, како да стоиме на истото место, односно дека кај нас „постои такво шаренило во тој поглед што го нема никаде". Истовремено тие потенцираа дека и натаму треба да се обидеме и да имаме еден единствен југословенски наставен план и програма. Нагласени беа и проблемите на наставата по историја и литература на југословенските народи и народности во училиштата, за нивната поставеност, со повратно барање да им се обезбеди достојно место; потоа, проблемот на финансирањето не само на наставата, туку и на научно-истражувачката дејност; присутен е и проблемот на асистентите, без кои останале речиси, сите отсеци и групи за историски науки.

Во воведното излагање се инсистира за порезултатно делување на оваа институција (интеркатедарските конференции).

По кусото воведно излагање, одадена е едноминутна почит кон скоропочинатиот ректор на Универзитетот „Кирил и Методиј" и редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Христо Андонов-Полјански.

Во врска со проблемите на современата историја, воведно излагање поднесе проф. д-р Екмечиќ. Тој се задржа главно на три прашања и тоа на дефиницијата на современата историја, потоа, на одредени методолошки проблеми, посебно врз проблематиката на историските извори, на периодизацијата на современата историја и најпосле на нејзината поставеност на студиската група за историски науки на Филозофскиот факултет во Сараево. Во своето излагање, меѓу другото, тој се застапи и за терминот *модерна историја* во 1918 година, но допушта да се наречува и како *современа историја,* но која што, според него, да не биде „постара" од изминатите 50 години.

Учесниците на конференцијата во дискусијата се сложија дека е неопходна потесна соработка меѓу катедрите (отсеците). Беа искажани главно тековните (актуелните) проблеми пред кои се исправени катедрите. Можеше да се воочи дека се проблемите релативно приближни. Меѓу нив ги одбележуваме кадровските, потоа оптеретеноста на наставниот и по-

мошниот наставен кадар со неделниот фонд часови, наложен според мерилата и критериумите на СИЗ-овите на насоченото образование (Во Словенија, наставниците се задолжени да држат по 7 часови неделно!). Покрај ова присутните веќе најавија дека од средното насочено образование, доаѓаат новозапишани студенти кои се со мошне слаба претспрема по историја! Исто така треба да се посвети поголемо внимание на специјалистичките предмети во наставните планови. Покренато беше и прашањето на еднопредметните и двопредметните групи, кои постојат во повеќе отсеци (групи) како и оптеретеноста на студентите особено во завршната година на студиите со бројот на неделните часови. Се искажа и мислењето за забрзување работата околу пишување историјата на народите и народностите на Југославија. Повторено е барањето историјата како наставен предмет да се воведе во сите класови на средното насочено образование. (Во врска со ова прашање еден од дискутантите меѓу другото медитираше и со следново: „Можеме ли да замислиме некој ректор на Универзитет, кој што доаѓа од техничките или природно-научните факултети, кој што ќе знае од историјата на Стариот век, само онолку колку што учел во основното училиште?").

Во поглед состојбата на наставата по историја, присутните беа потсетени и на заклучоците од состанокот на историчарите во Неум, од каде што е поднесено барање до ЦК СКЈ, оваа проблематика да ја стави на дневен ред на една од неговите наредни седници. Дел од дискутантите истакнаа дека е потребно воведување и на четирисеместрални предмети. Посебен акцент се стави на потребата од проширување соработката меѓу катедрите, било преку почеста размена на наставен кадар или студентите, или други слични форми. Беше укажано и на примерите на постојаната соработка меѓу одделни отсеци (групи), па дури и на соработката и со странство!

Во врска со покренатите прашања околу состојбите на наставата по историја во средното насочено образование, збор зеде и претседателот на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија, проф. д-р Миомир Дашиќ, наспомнувајќи меѓу другото, дека претседателството на Сојузот ќе се бори овие барања да бидат усвоени, имено дека до крајот на ноември, ќе бидат запознати со овие барања и другите општествено-политички фактори во земјата. Тој пренесе и некои свои впечатоци од светскиот конгрес на историчарите во Штутгарт, особено оној дека и во некои други земји постои расположение т.е. тенденција за враќање кон класичното училиште.

Делегатот од Нови Сад, се залагаше за доближување на наставните програми кон југословенството односно дека треба да развиваме при тоа *југословенска свест*, сметајќи дека е тоа клучно прашање. Во оваа смисла се предлага преиспитување на соодносот меѓу општата и југословенската историја односно и на националната историја во наставните планови и програми, сметај-

ќи дека националните истории се пренагласени за сметка на општојугословенската. Исто така, важно е и прашањето за положбата и на современата историја, зашто, позицијата на тој дел од историјата е мошне дивергентна. Затоа, ќе треба и во ова прашање доближување меѓу групите (отсеците), се разбира, со почитување и на специфичностите.

Во дискусијата се искристализира мислење дека овие конференции треба да имаат репрезентативно-работен карактер, меѓутоа, во иднина ова второто обележје мора да биде поизразено односно доминантно, и затоа, во иднина домаќините на идните конференции треба да се задолжуваат да ги спроведуваат и да ги известуваат останатите групи — отсеци што можело, а што не било реализирано и да поднесуваат извештај на наредната конференција за реализираното, односно и за она што изостанало да се оствари! Се постави и прашањето за опремата на катедрите и со современа опрема, микросметачи, заправо со електронска опрема односно со компјутерска техника и со разни видео системи. Како информација, претставникот од Педагошкиот факултет во Марибор, нагласи дека кај нив современата историја по 1918 година ја делат на општа и национална (југословенска).

Вториот дел на интеркатедарската конференција беше со внимание проследен кога студентите ги изложуваа своите прилози во врска со *Анексионата криза.* Беа поднесени следниве соопштенија: *Живко Глуховиќ,* Анексија Босне и Херцеговине (БИХ) на страницама „Годишњака Друштва историчара БИХ", Прилога Друштва за историју, Сарајево", и „Гласника архивских радника БИХ"; *Слободан Шоја*: Приказ анексије БИХ у књизи Момчила Нинчиќа; *Амза Цветковиќ:* Анексија БиХ према писању „Српске ријечи"; *Јанина Ќирковиќ и Божица Младеновиќ:* „Политика" према анексији БиХ"; *Локошек Игор:* „Толстој, Словенски народ, анексија," *Јасна Жиљак:* Став Социјалдемократске странке Хрватске, Славоније у листу ,.Слободна ријеч" према анексији БиХ; *Сузана Лечек:* Став Хрватске пучке напредне странке у листу „Покрет" према анексији БиХ; *Предраг Латиновиќ:* Став Хрватске странке права у листу „Хрватска" према анекцији БиХ; *Маријана Валиќ:* Одјек анексионе кризе у Далмацији: *Тодоровски Сашо:* Македонија пред и во времето на анексионата криза; *Крстевска Веселинка:* Македонија во првите години по анексионата криза; *Золтан Бада;* Ставови листа „Застава" за време анексионе кризе; *Пал Тибор:* Ставови листа „Браник" за време анексионе кризе; и *Красниќи Наим,* Одјек анексионе кризе на Косову.

Љубезните домаќини за учесниците на конференцијата приредија другарска повечеринка, како и историска екскурзија по градот Сараево и околината, при што со особен интерес беа разгледани и објектите што се градени за Зимските олимписки игри, посебно оние на историската планина Игман.

За домаќин на наредната интеркатедарска конференција се определи групата за историски

науки на Педагошкиот факултет во Никшиќ, а како тема врз која студентите ќе работат односно ќе поднесат свои соопштенија беше усвоена: *Конситуирањето на Југославија и Првиот Устав.*

На крајот, беа усвоени и следниве заклучоци:

„Уверени дека повисокиот степен на соработка меѓу нашите отсеци за историја би бил мошне оправдан, нужен и корисен, учесниците на интеркатедарската конференција, одржана на 8 и 9 ноември во Сараево, се согласни дека:

1. Работите околу координацијата меѓу Отсеците за историја на сите универзитети во СФРЈ и грижата за извршувањето на договорените заклучоци ги обавува отсекот кому ќе му се довери свикувањето на наредната конференција; 2. Интеркатедарските конференции ќе се одржуваат и натаму редовно секоја година; 3. Конференциите, согласно поранешниот договор, ќе го задржат својот репрезентативно-работен карактер; 4. Домаќин на наредната конференција во 1986 год. ќе биде Никшиќ; 5. Конференцијата смета дека до наредното заседание, би требало да се работи на усогласувањето на наставните планови и да се изработи одреден „модел", за денешните потреби и можности на оптималниот студиум со сите неопходни стандарди (главни и помошни предмети со бројот на седмичните наставни часови, во кои семестри се слушаат и сл.); 6. Конференцијата сугерира, задржувајќи ја поделбата на стар, среден и нов век и современа историја, да се одбегнува поделбата на предметите на општа и национална историја, туку во рамките на одредениот период на националната историја да ѝ се осигури оптимален број на часови; 7. Конференцијата го потврди поранешниот заклучок, на еднопредметниот студиум по историја да се посвети поголемо внимание на изучувањето на странските јазици на кои што се пишувани историските извори и на писмото на одредените извори (палеографија); 8. Поткрепувајќи го воведувањето на двопредметните студии Конференцијата апелира тоа да не се реализира со удвојувањето на предметите и на часовите за наставата и со привидот за оквалификувањето за двата предмети на „А" степенот, односно на специјалноста под „А"; и 9. Конференцијата смета дека би било оправдано барањето на Претседателството на Сојузот на друштвата на историчарите на Југославија Сојузната конференција на ССРН да упати апел на сите самоуправни заедници за финансирање на високото школство за да посветат посебно внимание на високошколските отсеци (групи) на кои се изучуваат комплекси на дисциплини, што се од значење за националната историја и култура (историја, јазик и литература).

Воислав Д. КУШЕВСКИ,
Сашо ТОДОРОВСКИ